


**Мевмед Џафери, кандидат за градоначалник на општина Маврово Ростуше**

Драги пријатели,

Во политиката влегувам со искрена желба да ги промениме работите. Целиот живот го посветив на медицината и како доктор најдобро што умеам е да помагам на луѓето. Време е тоа да го направиме и во политиката и само заедно, со цврста волја и работа можеме да ги промениме работите, а на Маврово Ростуше му треба будење, му требаат промени и домаќинско работење.

**Како ваш пријател, сосед, ваш сограѓанин ви ветувам дека ќе бидам вашиот глас во општината и заеднички ќе ги решаваме проблемите.**

Промените во земјата започнаа и тие ќе се заокружат во Маврово Ростуше, за промени, проекти, за победи и само така ќе создадеме нова иднина. Домаќински и одговорно.

Да ги промениме работите кои донесоа стагнација, да ја ослободиме општината од приватните и лични интереси, да не биде повеќе извор за богатење и злоупотреба на поединци, туку место каде ќе создаваме иднина за секој еден човек во нашата општина.

Ви ветувам беспоштедна работа и промени. Јас сум Мевмед Џафери, вашиот избор за градоначалник на нашето Маврово Ростуше.

Да создадеме нова иднина!